# 469. КАКО СИ НАСТУРИ ДОЛУ ТИКВЕШИЈА




Како си настури долу Тиквешија,
долу Тиквешија, таа мирна земја,
како ме збркнаа, клети тиквешани.

Под горниченце, торум тупаница,
шутар матеница, букова кал'ница,
тука се најадо, така се накрка.

Кога ме збркнаа, клети маријовци,
кога се напика, во една падина,
низ една капина, во една падина.

Како си киниса, тука на нагоре,
тука на нагоре, по едно ритченце,
таму си најду, едно горниченце.

Јазе си киниса тука на наогре,
тамо јас си најду едно чешмиченце,
на чешмиченце едно девојченце,
еднаш го пипна, три пати подрипна.

Кога си испадна од таја падина,
кога си виду, моите ми нози,
как' црвени бочви, моите ми нозе,
мојта кошула од лисица опашка.

Тогај си испадна горе на ливада,
тамо јас си најду, еден овчариште,
сос дренов стапиште,
еднаш ме опна, три пати ме сопна.

Каракаш, Бранко. Антологија на македонски нардони песни. Скопје: Дега, 1995